Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

**2021**

# Извадок на дел од дневни настани 25.10.2019

На 24.10.2019 во 23.45 часот полициски службеници од СВР Куманово го привеле К.В. (22) од Куманово, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.10.2019 во 14.30 часот полициски службеници од СВР Скопје во с.Горно Нерези, скопско, ги лишиле од слобода И.Т.(22) и Д.Р.(22), двајцата од Скопје, затоа што при извршен преглед во возилото во кое се наоѓале била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.10.2019 во 21.00 часот полициски службеници од СВР Скопје од подрачјето на Бит Пазар го привеле Ф.В.(18) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.10.2019 околу 17.00 часот на ул.„Борис Кидрич" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Ј.Г. од скопско Волково и Х.Б.(20) од Тетово, затоа што при преглед кај нив бил пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе им биде изготвен соодветен поднесок.

На 25.10.2019 околу 01.00 часот во тетовското село Синичане, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Ј.А.(24), Ј.А.(18) и Л.Е.(32) од гостиварска Горна Бањица. При нивен и преглед на возило „фолксваген голф", со гостиварски регистарски ознаки, во кое се наоѓале, била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.10.2019 околу 21.00 часот во Скопје од слобода бил лишен А.С.(26) од Р.Турција, поради постоење основи на сомнение дека е сторител на кривично дело „тешка кражба" и прекршок од Закон за оружје. А.С. бил предаден на полициски службеници од Полициска станица Карпош за понатамошна постапка.

На 24.10.2019 во 10.30 часот на Граничен премин „Јажинце"од слобода бил лишен В.Д.(41) од Р.Албанија, затоа што што при пасошка контрола било утврдено дека бил предмет на потрага и се наоѓа на листата со мерка „задржи". В.Д. бил предаден на полициски службеници од СВР Тетово за понатамошна постапка.

На 24.10.2019 во 13.50 часот на ул.„Александар Македонски" во Прилеп се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „фиат брава", со охридски регистарски ознаки, управувано од Ф.Б.(19) од Прилеп и патничко моторно возило „пежо 307", со прилепски регистарски ознаки, управувано од М.Т.(41) од с.Старо Лагово, прилепско. Во незгодата, Ф.Б. се здобил со тешки телесни повреди, а со телесни повреди се здобил М.Т.. Тие биле пренесени во Градската болница Прилеп за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициската станица Прилеп.

Во текот на 24.10.2019 на подрачјето на СВР Скопје преземени се мерки и активности и констатирано е дека **34** возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени **14** возачи, од кои: **еден** возач затоа што управувал возило под дејство на алкохол, **12** возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило и **еден** возач – почетник, кој не ги почитувал сообраќајните прописи согласно ЗБСП. Исто така, исклучени од сообраќај се и **11** возила, бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се **двајца** возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, **двајца** возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, **шест** возачи поради неправилно престројување, **двајца** возачи поради неправилно престигнување, **три** возачи на мотоцикли поради неносење заштитен шлем, **двајца** возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и **шест** возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во текот на изминатиот ден издадени се **70** мандатни платни налози и **64** возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 24.10.2019 во 14.00 часот на ул.„Партизански одреди" во Кичево, Д.М.(34) од Кичево, управувајќи мотоцикл „зонгшен", со охридски регистарски ознаки, изгубил контрола и паднал на коловозот. Во незгодата мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во Медицинскиот центар Кичево за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициската станица Кичево.

На 24.10.2019 во 13.00 часот во Полициската станица Чаир, М.П.(57) од Скопје пријавила дека на ул.„Галичник" била касната од куче скитник во пределот на левата потколеница.

На 24.10.2019 во 13.30 часот на магистралниот пат Радовиш - Штип, во населба ,,Дамјан", се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „форд фиеста", со штипски регистарски ознаки, управувано од Д.Р.(69), од с.Ињево, патничко моторно возило „опел астра", со струмички регистарски ознаки, управувано од Д.Ј.(60), од Струмица, и патничко моторно возило „опел вектра", со радовишки регистарски ознаки, управувано од К.П.(32) од с.Војславци. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил возачот Д.Р. и бил пренесен во Клинички центар Штип. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Радовиш.

На 24.10.2019 во 17.50 часот во Полициската станица Аеродром, К.М.(68) од Скопје пријавила дека на ул.„Владимир Комаров" била касната од куче скитник во пределот на десната рака.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против Д.Р.(60) и С.Р., двајцата од Крива Паланка, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба" и против П.В.(68) и правното лице Друштво за производство, градежништво, трговија и услуги „БЕЛЕШКОВ-ИНЖЕНЕРИНГ " ДООЕЛ увоз-извоз, Крива Паланка, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". На 15.09.2016, првопријавениот, во својство на директор на основно училиште „Јоаким Крчовски" - Крива Паланка, без да обезбеди решение за изведба на градба од општина Крива Паланка, донел Одлука за јавна набавка на работи – реконструкција на постоечка ограда на дворно место во ПОУ „Јоаким Крчовски" во с.Жидилово, кривопаланечко, и реконструкција на тротоар во матичниот објект во ООУ „Јоаким Крчовски" во Крива Паланка, со барање за прибирање на понуди со објавување на јавен оглас во Електронскиот систем за јавни набавки, по што на огласот како понудувач аплицирало пријавеното правно лице и со него бил склучен договор. По ова, пријавениот П.В., без да ја побара техничка документација и дозвола за градба, ги извршил наведените работи, за што доставил фактура во износ од околу 1.256.700 денари, средства кои биле наплатени од сметка на ООУ „Јоаким Крчовски" Крива Паланка. Во врска со тоа, пријавениот, кој бил надзорен инженер по архитектура, овластен од фирма од Крива Паланка, извршил стручен надзор без да ја побара потребната техничка документација и решението за градба, за што изготвил извештај и доставил фактура во износ од 14.160 денари, која била наплатена од сметка на ООУ „Јоаким Крчовски" Крива Паланка. На овој начин, пријавените го оштетиле буџетот на Р.С. Македонија во вкупен износ од околу 1.270.860 денари.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Демир Хисар поднесе кривична пријава против Ј.Б.(29) од с.Обедник, демирхисарско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 08.10.2019 во с.Обедник, во неговиот дом пријавениот физички ги нападнал неговите родители Ј.С. и Ј.Т., при што им нанел тешки телесни повреди.

На 24.10.2019 во Гостивар, врз основа на судска наредба, полициски службеници од Полициска станица Гостивар го привеле К.С.(24) од Гостивар, осуден на казна затвор за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". К.С. бил предаден во Казнено-поправната установа „Тетово" во Тетово за издржување на затворската казна.

На 24.10.2019 околу 17.30 часот на ул.„Борис Кидрич" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го привеле А.Б.(42) од тетовско Селце, кој управувал патничко возило „ауди А4", со странски пробни таблички, а поради сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа" и „употреба на исправа со невистинита содржина". А.Б. бил задржан во Полициската станица Тетово за целосно расчистување на случајот.
Надворешната канцеларија за криминалистички работи Демир Хисар поднесе кривична пријава против М.Д.(25) од с.Сопотница, демирхисарско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „уцена". На 25.09.2019 во с.Стругово, на прозорец од куќата на В.К., пријавениот му се заканил на М.Д.

дека доколку не му даде 12.000 денари, ќе откриел информации штетни по неговите чест и углед.

На 25.10.2019 во 03.20 часот на Граничен премин „Блаце‟ од слобода бил лишен М.Ф.(28) од Косово, по барање на Интерпол. М.Ф. бил предаден на полициски службеници од СВР Скопје за понатамошна постапка.

На 23.10.2019 околу 17.00 часот во Полициската станица Кратово било пријавено дека во с.Димонце, кратовско, настанал пожар на нива, при што биле опожарени сува трева, насади, како и помошен објект, сопственост на С.Б. од Скопје. Пожарот бил изгаснат во 17.15 часот од екипа на Територијалната противпожарна единица Кратово, а увид на местото извршила екипа од Полициската станица Кратово.

На 24.10.2019 во 19.58 часот во СВР Скопје било пријавено дека во штаб на политичка партија на ул. „Фрањо Клуз‟ во Скопје непознат сторител со предмет го скршил прозорското стакло и влегол внатре. Дополнително ќе се утврди дали одзел нешто. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ф.Б.(39) од с.Џепчиште, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „давање награда за противзаконито влијание‟, „фалсификување исправа‟ и „употреба на исправа со невистинита содржина‟, против Ј.Ж.(49) од с.Радиовце, Брвеница, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „примање награда за противзаконито влијание‟, „фалсификување исправа‟и „употреба на исправа со невистинита содржина‟, против Т.Љ.(57) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа‟ и „употреба на исправа со невистинита содржина‟, против Ш.Џ.(57) од с.Крани, ресенско, на привремена работа во САД, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама при добивање на кредит или друга погодност‟ и против С.С.(42) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата”. Во текот на мај 2016, прво, второ и третопријавениот на 14.04.2014 во Швајцарија направиле лажен купопродажен договор, со невистинита содржина, за купопродажба на товарно возило „фиат добло‟, со странски регистарски ознаки, во кој првопријавениот бил наведен како продавач, додека четвртопријавениот како купувач. После тоа, третопријавениот, откако го заверил наведениот договор на нотар како да е склучен на ден 11.05.2016, со цел за искористување на погодноста во Законот за возила која се однесува на македонски државјани кои престојуваат во странство една година без прекин и во странска држава поседуваат моторно возило најмалку шест месеци, во име на четвртопријавениот на 11.06.2016 во Бирото за метрологија приложил невистинита документација со барање за издавање на потврда за отворање на постапка за идентификација, при што четвртопријавениот, на ваков начин се стекнал со документација за регистрација на горенаведеното возило, кое не ги исполнувало законски предвидените ЕУРО 4 норми и стандарди. Во врска со наведеното, првопријавениот на второпријавениот му дал парична награда во износ од 900 евра, додека петтопријавениот, во својство на овластено службено лице во техничката служба „Пауер спорт систем‟ Скопје, постапил спротивно на овластувањата и издал согласност за регистрација на предметното возило.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Д.В.(42) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност‟. На 18.10.2019 на ул.„15 - ти Мај‟ во Куманово пријавениот запалил оган во близина на паркирано патничко возило „опел астра‟, сопственост на О.П.(38), при што настанал пожар во кој возилото не било зафатено.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Д.В.(42) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност‟. На 13.07.2019 на ул.„15 – ти Мај‟ во Куманово пријавениот од својот дом со воздушна пушка испукал во правец кон куќата сопственост на С.П., при што направил оштетување на фасадата од куќата, а потоа упатил закани по животот и семејството на С.П.

На 24.10.2019 околу 18.40 часот, на локалниот пат Куманово - с.Табановце, во близина на крстосницата со пат кој води кон с. Горно Којнаре, во Куманово, патничко возило „опел‟, со кумановски регистарски ознаки, управувано од И.С.(21) од с.Долно Којнаре, кумановско, удрило во пешакот Е.П.(26) од с.Горно Којнаре, после што возачот го напуштил местото на незгодата. Е.П. била пренесена во Ургентен центар Куманово, каде ѝ биле констатирани тешки телесни повреди. Возачот бил пронајден и против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Д.К.(32) од с.Никуштак, липковско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице во вршење службено дејствие‟. На 26.09.2019 околу 11.20 часот на ул.„11 Октомври‟ во Куманово пријавениот физички нападнал полициски службеник и вработени во Јавното претпријатие „Куманово Паркинг‟, кои вршеле службени дејствија.

На 24.10.2019 во 09.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, Д.М.(41) од с.Сопиште, скопско, пријавил дека околу 07.00 часот во с.Сопиште, во врска со случена сообраќајна незгода, бил физички нападнат од Н.Ј. и Д.Ј.. Се преземаат мерки за целосно расчистување на настанот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Б.К.(36) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 21.03.2019 пријавениот упатил закани кон полициски службеници, кои претходно на ул.„120" во Тетово извршиле преглед на патничко возило „ауди А4", во кое пријавениот бил сопатник.

На 24.10.2019 во 18.15 часот на ул.„Полог" во Тетово, патничко моторно возило „форд транзит", со тетовски регистарски ознаки, управувано од И.Р.(38) од Тетово, удрило во малолетен пешак од Тетово. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил пешакот и бил пренесен во Клиничката болница Тетово за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Тетово.

На 24.10.2019 во 23.00 часот во Полициското одделение Сарај, Б.Ќ.(38) од с.Копаница, скопско, пријавил дека околу 22.30 часот, во с.Буковиќ, по претходна расправија, Ј.А. од с.Буковиќ, заедно со уште две лица, му се заканил со оружје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.10.2019 околу 21.00 часот во СВР Скопје, Д.К.(57) од Скопје, пријавил дека кај депонијата „Дрисла" едно лице, кое го превезувал со такси возило, го нападнало со тврд предмет и му одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Џ.(78) од с.Мала Речица, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „загрозување на сигурноста" и „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 24.08.2019 во с.Мала Речица, при семејна расправија, пријавениот со железна прачка се обидел да го нападне неговиот внук. По ова, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле карабин „8х57,ЈС", три куршуми за карабин и рамка за автоматска пушка со 21 куршум со калибар 7,62 мм.

На 24.10.20109 околу 22.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Крсте Мисирков" неколку лица, со употреба на физичка сила и остар предмет, го нападнале Д.А.(24) од с.Идризово, скопско, му одзеле пари, лични документи и мобилен телефон, нанесувајќи му повреда во пределот на ногата. Се преземаат мерки за расчистување наслучајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Ј.Р.(62) од Кичево, со привремен престој во САД, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама при добивање кредит или друга погодност". На 05.08.2013, пријавениот со намера да ја искористи поволноста која ја имаат државјаните на Р.С.Македонија кои се враќаат од странство, за увоз на возило кое не ги исполнува законските ЕУРО стандарди, до Отсекот за управни работи Кичево доставил барање за уверение за живеалиште со прилог изјава во која внел невистинити податоци дека е повратник од САД. По ова му било издадено уверение кое го приложил во Бирото за метрологија Скопје во постапка за идентификација на возило, при што на 12.08.2014 пријавениот склучил договор за купопродажба, со кој возилото му го продал на лице од Кичево, по што возилото било регистрирано.

bezbednost)

» Архива
(http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe
tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)